Република Северна Македонија
Национална установа
**АЛБАНСКИ ТЕАТАР Скопје**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional
**TEATRI SHQIPTAR Shkup**

Бр. 04-440/6
Датум: 26.11.2025

Врз основа на член 77-ж став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.265/24) и член 12 став 2 алинеја 18 од Статутот на Националa установа Албански театар Скопје, директорот на НУ Албански театар Скопје ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати по Јавен оглас 01/2025**
**за вработување на неопределено време**

(1) За работното место објавено по Јавен оглас 01/2025 избрани се кандидатите:
1. Беркан Ахмет
2. Илка Нуредини
3. Бејтула Керими

(2) Изборот е извршен врз основа на Предлогот кандидати за вработување за работното место Актер четврта група по Јавен оглас 01/2025.

(3) Со именуваните ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа Одлука.

Образложение

По добиено Известување бр.19-7605/2 од 17.07.2025 година од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства, а во врска со Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04-321/1 од 18.07.2025 година, се објави Јавен оглас 01/2025 во дневните весници: Нова Македонија,Лајм и Слободен печат.
Комисијата за постапка за вработување формирана од страна на директорот со Решение бр.04-440/1 од 18.112025 година, по спроведената постапка за административна селекција и одржаната аудиција со кандидатите, на 26.11.2025 година изготви Записник бр.04-440/5 од спроведена постапка за вработување по Јавен оглас 01/2025 во кој е содржана Ранг листа на кандидати и Предлог кандидати за вработување по Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на неопределено време.

Директор го прифати Предлогот за избор на кандидати за вработување по Јавен оглас бр.01/2025 за вработување на неопределено време и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатите имаат право на жалба до Управен одбор на НУ Албански театар Скопје во рок од осум дена од денот на објавување на Огласна табла и на веб страна на театарот.

Изготви:
Анита Селими
Раководител на Сектор за административни,
општи и правни работи

Директор/ Drejtor

Hismet Ramadani

Доставено до:
- Кандидатите
- Одделение за административни, општи и правни работи
- Архива